24845

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ

15. JAN. 1979, 4835, 13

СРЕДБА ВО АТЕЛЈЕ

# СКУЛПТУРИ СОЗДАВАНИ ВО ПОДРУМ



ПОТРЕБАТА ОД АТЕЛЈЕ — ИМПЕРАТИВ: ДРАГАН ПОПОСКИ-ДАДА

**РАЗГОВОР СО ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ДРАГАН ПОПОСКИ—ДАДА ЧИЈА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА Е ВО ТЕК ВО ФРАНКФУРТ НА МАЈНА, А ВО ФЕВРУАРИ ЌЕ БИДЕ ПРЕНЕСЕНА И ВО ЛИКОВНИОТ ЦЕНТАР АШАФЕМБУРГ**

**Во изложбениот салон на „ЛХБ Интернационале Ханделсбанк" во Франкфурт на Мајна, ФР Германија, во тек е самостојната изложба на скулптури од реномираниот современ македонски ликовен уметник Драган Поповски - Дада. Изложбата беше отворена на 4 јануари оваа година а ќе трае до крајот на овој месец.**

Вчера го посетивме ателјето на Драган Попоски - Дада во Скопје и со овој наш истакнат академски скулптор поведовме разговор за неговата самостојна изложба во Франкфурт на Мајна, за неговата моментна ликовна преокупација за ателјето...

— На мојата прва самостојна изложба во ФР Германија, ни рече **академскиот скулптор Драган Попоски - Дада**, пред љубителите на ликовната уметност во Франкфурт на Мајна се претставувам со 29 скулптури работени во мермер, бронза и дрво. Сакам посебно да нагласам дека оваа моја самостојна изложбата ја организира Љубљанската банка која во Франкфурт на Мајна располага со прекрасен изложбен салон и која досега има дадено голем придонес во афирмирањето на современата југословенска ликовна уметност. Во почетокот на февруари мојата самостојна изложба ќе биде пренесена и во Градската галерија на Ашафембург познат ликовен центар во ФР Германија.

— Со задоволство ќе нагласам, **продолжи Драган Попоски - Дада**, дека моите скулптури наидоа на добар прием и кај љубителите на ликовната уметност и кај ликовната критика во Франкфурт на Мајна. Од повеќе германски галеристи добив покана за мои нови самостојни изложби во ФР Германија, а тоа многу ме обврзува како уметник зашто симпатиите на ликовната публика можат да се сочуваат само со нови и смели истражувања во областа на скулптурата.

Од 1964 година, по дипломирањето на Академијата за ликовни уметности во Белград и по успешното завршените постдипломски студии, Драган Попоски - Дада работи исклучиво како слободен уметник. И покрај големите успеси што како скулптор ги има постигнато во изминатите петнаесет години: прва награда за споменикот „Жената - борец" (Прилеп), прва награда за релјеф на аеродромот (Скопје), прва награда за биста на Мито Хаџивасилев (Скопје), прва награда за споменикот пред Воената болница (Скопје), прва награда за релјеф пред Домот на ЈНА (Скопје), прва награда за споменикот на студентските демонстрации (Скопје) како и други многубројни награди и признанија, Драган Попоски - Дада до денденес нема ателје.

— Скулптурите што сега се презентирани во Франкфурт на Мајна се работени во подрумски простории, **нагласува Драган Попоски - Дада**. Не можам да бидам рамнодушен кон тоа што мојата молба за да ми се додели плац за изградба на сопствено ателје сè уште не е дојдена на дневниот ред пред надлежните фактори. Чувствувам дека се наоѓам во зенитот на своите творечки способности и токму тоа ја наметнува императивната потреба од сопствено ателје. Кога е студено работам во подрумските простории, а кога е топло работам во дворот. Но самата практична изведба на скулптурата (делкање на мермер, стружење на дрво и ѕвекотот на металот) претставува непријатност за соседите па и за моето семејство.

Со Драган Попоски Дада влегуваме во неговото ателје: подрумска просторија, прав, струготини од мермер, од метал и голем број завршени или тукушто започнати големи и ситни скулптури во мермер, во метал, во дрво. Зар е можно да се создава во вакви услови? Сепак, се создава. Драган Попоски — Дада со задоволство покажува на две свои завршени скулптури што ќе бидат застапени на изложбата „Современа македонска ликовна уметност" што на 10 април оваа година ќе биде отворена во Келн ФР Германија, во организација на Републичката комисија за културни врски со странство.

**Т.Ширилов**